„,Бидете умерени и настојувајте да постапувате исправно, и знајте дека никој од вас нема да биде спасен поради своите дела.‘ Тие рекоа: ‚О, Божји пратенику, дури ниту ти?‘ Тој одговори: ‚Ниту јас, освен ако Аллах не ме облее со Својата милост и благодат.‘“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „,Бидете умерени и настојувајте да постапувате исправно, и знајте дека никој од вас нема да биде спасен поради своите дела.‘ Тие рекоа: ‚О, Божји пратенику, дури ниту ти?‘ Тој одговори: ‚Ниту јас, освен ако Аллах не ме облее со Својата милост и благодат.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ги поттикнувал асхабите да работат и да се плашат од Аллах онолку колку што можат, без претерување и без запоставување. Тој ги советувал нивните дела да бидат исправни, со искрена намера кон Аллах и во согласност со Сунетот, за да бидат прифатени и да станат причина за спуштање на Божјата милост врз нив. Потоа им кажал дека никој нема да биде спасен само поради своите дела, туку неопходна е и Аллаховата милост. Тие прашаа: „О, Божји пратенику, дури ни тебе, со оглед на твојата возвишена положба?“ Тој одговори: „Дури ни јас, освен ако Аллах не ме облее со Својата милост и благодат.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3469